Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Агенција за управување со одземен имот**
**Бр.04 - 619/4 од 23.02.2023 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 2, и став (8) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16 и 35/2018), член 22 став (1) алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21), Агенцијата за управување со одземен имот објавува:

# Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 01/2023

## за вработување на 1 (едно) лице во Агенција за управување со одземен имот на определено време, поради привремено зголемен обем на работа, до крајот на фискална година (2023)

Агенцијата за управување со одземен имот има потреба за вработување на 1 (едно) лице на определено време до 31.12.2023 година за следното работно место:

1. **Самостоен референт за евиденција на одземен имот, шифра УПР 0101Г01000** во Одделение за преземање и евиденција на одземен имот при Секторот за оперативно работење **со локација на работно место во Скопје, 1 извршител**

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен;
-да има општа здраствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- најмалку три години работно искуство во струката,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

Работни часови во неделата: 40,

Работно време од понеделник до петок од 07. 30 – 08. 30 до 15.30 – 16. 30 часот.

**Паричен нето износ на основната плата** : 18.000,00 денари

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за управување со одземен имот. Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Рокот за доставување на Пријавата со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат. Условите наведени во огласот кандидатот треба да ги исполнува во моментот на пријавувањето.

По истекот на рокот за пријавување, изборот на кандидатот ќе се изврши најдоцна во рок од 3 дена.

Кандидатите се должни да поднесат Пријава за вработување, како и докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или заверени на нотар, и кратка биографија со задолжителен контакт телефон, адреса на живеење и електронска адреса.

Пријавата за Огласот може да се подигне од архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или да се преземе од веб страната на Агенцијата: www.odzemenimot.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за управување со одземен имот.

Јавниот Оглас ќе биде објавен на ВЕБ страната на Агенцијата за управување со одземен имот и во најмалку 2 (два) дневни весници од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Бараните документи се доставуваат во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот согласно рокот најдоцна до 28.02.2023 година до 15:30 часот, во затворен плик со напомена “ Да не се отвара” на следната адреса:

Агенцијата за управување со одземен имот

Кеј Димитар Влахов бр.4/4, 1000 Скопје, Р.С. Македонија,

**(со назнака: “ За Јавен оглас бр. 01/2023”)**

Контакт за информации: 02 3 209 087

**Агенција за управување со одземен имот**

Директор

Фатон Асани